НАШЕ СОНЦЕ

Септември, 2012

Број 14

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

# НАШЕ СОНЦЕ



**Галерија Св. Кирил и Методиј: Ликовни изложби на Тута, Павловец, Перчич и Андреевски**

**Игор Захариев е новиот претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“**

**Одржани јубилејните 20. Денови на Св. Кирил и Методиј**

**Министерот Попоски им честиташе на добитниците на златни признанија и одржа поздравен говор пред присутните на отварањето на 20. Денови на Св. Кирил и Методиј**



# Вовед

Го читате првиот овогодишен број на весникот *Наше сонце*. Во *Наше сонце* бр.14 централна тема се јубилејните, 20. Денови на Св. Кирил и Методиј, кои изобилуваа со богата и разновидна програма. На отаварањето на оваа приредба беше претставена монографијата **20 години активно дејствување на МКД Св. Кирил и Методиј-Крањ**, во која се опишани главните активности на друштвото од неговото основање до денес.

Не изостанаа и другите настани, како што се бројните ликовни изложби, драмската претстава, настапите на фолклорните групи и спортските активности на друштвото.

Во март се одржа 10. редовно изборно собрание на кое беа избрани нов претседател и органи на друштвото.

Се надеваме дека со настаните кои се претставени во весникот ги исполнуваме вашите очекувања и дека со интерес ги читате.

Електронската форма на весникот е достапна на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si


**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј“ Крањ

Адреса: Савска цеста бр.34, Крањ, Словенија

Весникот НАШЕ СОНЦЕ излегува еднаш до два пати годишно

Весникот е бесплатен. Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Сандра Газинковски

Дарко Атанасов

Даниел Атанасов

Игор Захариев

**Фотографија:**

Даниел Атанасов

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

## Најмладите фолклористи добија новогодишни пакетчиња

Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ и пред дочекот на новата 2012 година ја продолжува традицијата, подарувајќи им на своите најмлади фолклористи пакетчиња. Членовите на групата најмлади фолклористи на друштвото не го криеја задоволството од подарените пакетчиња по повод новогодишните и божиќните празници. Фолклористите ги поздрави и им посака весели, здрави и успешни празници претседателот на друштвото, г-динот др. Илија Димитриевски. Тој им се заблагодари за нивната досегашна соработка и ги повика активно да продолжат да ја посетуваат фолклорната секција, со што и понатаму успешно ќе го претставуваат нашето друштво и македонскиот фолклор, воопшто.



*Претседателот на друштвото др. Димитриевски, менторката Соколова и најмладите фолклористи*

## Дочек на Православна нова година - Василица 2012

Дочекот на Православната нова година - Василица беше организиран на 14.01.2012 година, во просториите на Македонскиот културен центар (МаКуЦ) во Крањ. За весело расположение до раните утрински часови на бројните посетители се погрижи ансамблот **Амајлија** од Скопје.



*Дочек на Стара нова година - Василица*

# Прослава на Божик - Рождество Христово и Велигден - Воскресение Христово

## Божик - Рождество Христово

Пред Божик, зад Божик, кај и да си, дома да си. Божик е празник на домот, празник на секое семејство. Вечерта спроти Божик, на Бадник, семејството останува дома и се собира на заедничка вечера, на посна трпеза со која завршуваат 40-дневните божикни пости. Централно место на трпезата има лепчето со паричка, а се верува дека оној на кого ќе му падне паричката ќе го следи среќа и бериќет во текот на целата година.

Денот на Христовото раѓање, Божик, годинава беше одбележан со бадна и божикна богослужба. Богослужбата по повод Бадник се одржа на 6. јануари во црквите во Јесенице, Крањ и Марибор. Следниот ден, на 7. јануари, се одржаа божикни богослужби во Крањ, Љубљана и Марибор. Богослужбите ги водеше свештеник од Македонија.

## Велигден - Воскресение Христово

Според теолозите, Велигден ја дава смислата и суштината на христијанството и е потврда на верата, зашто, како што рекол Свети Павле: „Ако Христос не воскреснеше, празна ќе беше и нашата вера“. Етнолозите, пак, сметаат дека Велигден не само што е најголемиот, туку е и најстариот христијански празник, што се празнува од вториот век на нашата ера. На филозофско рамниште, Велигден на свој начин е празник - симбол на победата над смртта, ден кога (бого)човекот Исус Христос ја докажал својата божествена моќ и воскреснал од мртвите.

Велигден годинава го славевме на 15. април. Свештеник од Македонија одржа свети богослужби во градовите Крањ, Љубљана, Марибор и Јесенице.

Традиционалниот велигденски собор се одржа на пикник просторот Јепрца.



*Традиционална бадникова трпеза*

# Игор Захариев избран за претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ


*Игор Захариев*

На 10. редовно изборно собрание на Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, што се одржа на 25.3.2012 година, за претседател на друштвото беше избран г-динот **Игор Захариев**, по занимање дипломиран инженер по електротехника.

За членови на **управниот одбор** беа избрани:

Игор Захариев, **претседател**

Миладин Младенов, **потпретседател**

Весна Алексова, **секретар**

Весна Кржовска, **благајник**

Методи Златков

Ивица Боболински

Розика Соколова

др. Илија Димитриевски

Сандра Газинковски

Билјана Томов

Гоше Анастасов

Гордана Николовска

Даниел Ефремов

Новиот состав на **Надзорниот одбор** го сочинуваат:

Методија Јосифоски, претседател

Геро Стаменковски

Стојче Стојанов

За членови на **Судот на честа** беа избрани:

Анче Николовски, претседател

Димитри Илиевски

Боро Цеков

и за заменици на членовите на Судот на честа беа избрани:

Сане Јованов

Душан Симоновски

Крсто Тасев

# Галерија Св. Кирил и Методиј: Ликовни изложби на Тута, Павловец и Перчич

## Ликовна изложба на Клавдиј Тута

По повод словенечкиот културен празник, во галеријата Св. Кирил и Методиј свои дела изложуваше академскиот сликар Клавдиј Тута. Изложбата свечено ја отворија заменик градоначалникот на МО Крањ, г-динот Дарко Јарц и претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј", г-динот др. Илија Димитриевски. Изложувачот Тута истакна дека отварањето на изложбата во галеријата Св. Кирил и Методиј му претставува посебно задоволство. Критика за делата на Тута напиша доц. маг. Боге Димовски.

Клавдиј Тута е роден 1958 година во Постојна, а денес живее и работи како самостоен уметник во Крањ. Има завршено постдипломски студии по графика. Зад себе има повеќе од 190



КД Горњи град

самостојни и преку 300 групни изложби, во Словенија и во странство. Добитник е на повеќе награди, меѓу кои и Голема плакета на МО Крањ.

Во културната програма настапи Културното друштво **Горњи град** со читање на поезија од Франце Прешерн, Драготин Кете, Иван Минати, Ервин Фриц, Тоне Павчек, Мила Качич и Нежа Маурер. Посебно беше претставен македонскиот поет Блаже Конески.

Потоа следеше кулинарска вечер. Бо-



Од лево: Дарко Јарц, Клавдиј Тута, доц. маг. Боге Димовски и др. Илија Димитриевски


Кулинарска вечер со традиционални македонски јадења

гатата трпеза со разновидни традиционални јадења што ги подготвија кулинарските секции на МКД „Св. Кирил и Методиј“ и КУД ДЕМ беа пофалени од сите гости.

Приредбата ја водеше Сандра Газинковски.

## Ликовна изложба на Агата Павловец

Денот на жената, 8. март беше одбележан со отворањето на изложбата на академската сликарка Агата Павловец. Изложбата беше отворена на 10.3.2012 година во галеријата Св. Кирил и Методиј, а меѓу позначајните гости на свеченоста присуствуваа заменик градоначалничката на МО Крањ, г-ѓа Нада Михајловиќ, секретарот на македонската Амбасада во Словенија, г-динот Љупчо Јаневски, претседателот на МКД „Ватрослав Облак“ од Целје, г-динот Владо Гавриловски и други. Сликарката Павловец и гостите г-ѓа Михајловиќ и г-дин Јаневски со топли зборови се обратија и ја поздравија релативно бројната публика. Критика за делата на Павловец напиша доц. маг. Боге Димовски.


Свечено отварање на изложбата на Агата Павловец

Агата Павловец е родена 1973 година. Студирала на педагошкиот факултет во Љубљана, смер ликовна педагогика и на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, каде 2002 година дипломирала. Има повеќе самостојни и групни изложби.


Посетителите пред делата на Павловец


МФГ Калина од Љубљана

Во културната програма се претстави македонската фолклорна група **Калина** од Љубљана. Во живо ги слушнавме македонските народни песни ***На сред село*** и ***С каменички фрлат мамо*** и словенечката народна песна ***Snočkaj sem na vasi bil***.

Програмата ја водеше Дарко Атанасов.

## Миха Перчич: изложба на графички дела

Во април во галеријата Св. Кирил и Методиј свои дела изложуваше академскиот сликар Миха Перчич. Изложбата свечено ја отворија секретарот на Амбасадата на Македонија во Словенија, г-динот Љупчо Јаневски и новоизбраниот претседател на МКД


Свечено отварање на изложба на графикот Перчич

„Св. Кирил и Методиј“, г-динот Игор Захариев. Графикот Перчич не го криеше задоволството што изложува во нашата галерија. Критиката за делата на Перчич, која ја напиша доц. маг. Боге Димовски, ја прочита Сандра Газинковски.

Миха Перчич е роден 1972 година во Крањ. На Академијата за ликовна умет-


Настап на детската фолклорна група на друштвото


Настап на детската фолклорна група на друштвото

ност во Љубљана дипломирал 1997 година, а магистрирал графика 2002 година. Дејствува како самостоен културен работник. Член е на Сојузот на друштва на словенечки ликовни уметници.

Програмата беше збогатена со настапот на детската фолклорна група на МКД „Св. Кирил и Методиј“, кои се


Посетители пред изложените дела

претставија со неколку ора и песни. Детската група е формирана 2010 година. Цел на оваа група е пред сè дружење и учење македонски ора и песни. Друштвото го имаат претставувано на повеќе фестивали и фолклоријади во Словенија.

# Градскиот мешан хор ВАРДАР од Скопје во посета на Република Словенија

Во тридневна посета на Р. Словенија, од 27. до 29. април годинава беа хористите од градскиот хор Вардар од Скопје. Повод за нивното гостување беше концертот, што го реализираа во соработка со Ловечкиот хор од Медводе, во Културниот дом Сора. Престојот


ГМХ Вардар од Скопје

во Словенија го искористија за посета на неколку градови, меѓу кои и Крањ. По кратката прошетка низ стариот дел на Крањ, хористите го посетија и МКД „Св. Кирил и Методиј". Пред гостите од Македонија краток настап имаа најмалите фолклористи. Уметничкиот раководител на хорот Вардар, м-р Илија Атанасов, истакна дека е


Членовите на ГМХ Вардар на Бледската тврдина


Детската фолклорна група на друштвото се претстави пред членовите на ГМХ Вардар

пријатно изненаден од она што го видел, особено од настапот на најмалите, што говори за големата посветеност кон македонската култура и традиција. Од диригентот Атанасов, дознавме дека градскиот хор Вардар е основан во 2000 година на иницијатива на некогашни хорски пеачи од различни генерации. Репертоарот на хорот содржи


Детската фолклорна група на друштвото се претстави пред членовите на ГМХ Вардар

дела од различни автори, епохи и стилови. Акцентот е ставен на православната духовна музика од македонски автори. Иако хорот Вардар работи аматерски, секоја година одржуваме целовечерни концерти, рече уметничкиот раководител м-р Илија Атанасов.

*Весна Алексова*

# 20. Денови на Св. Кирил и Методиј

Во јубилејната 20-та година од основањето на МКД „Св. Кирил и Методиј“, во периодот од 25. мај до 2. јуни се одржаа и јубилејните 20. Денови на Св. Кирил и Методиј, познати уште како мајски денови на македонската култура во Крањ. Програмата на оваа јубилејна приредба изобилуваше со настани и случувања.


Министерот Попоски пред вратите на МаКуЦ

Меѓу другите настани ги издвојуваме претставувањето на електронската форма на монографијата *20 години активно дејствување на МКД Св. Кирил и Методиј-Крањ*, поделувањето на признанија на заслужни поединци и донаторски организации во досегашното постоење на друштвото, настапот на мешаниот хор *Билјана* од Љубљана, отварањето на изложбата на академ-


Добитниците на златни значки, министерот Попоски и претседателот на друштвото Захариев


Добитниците на сребрени значки

скиот сликар од Македонија, Сергеј Андреевски, традиционалните турнири во мал фудбал и брзопотезен шах, филмската вечер со прикажување на македонски филмови, квиз натпреварот помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик, куклената претстава *Človek ptica*, претставувањето на книгата за Бистрица Крањец Миркуловска, целовечерни-


Добитниците на плакети

от концерт на македонски фолклорни групи од Словенија и Австрија, вечерта со македонска кулинарика, игранката и други.

**Отварање на 20. Денови на Св. Кирил и Методиј (25.5.2012)**

- Претставување на електронската форма на монографијата *20 годи-*



Амбасадорот Попов се обраќа на присутните



Градоначалникот Богатај се обраќа на присутните

*ни активно дејствување на МКД Св. Кирил и Методиј-Крањ*

- Поделување на признанија на заслужни поединци и донаторски организации во досегашното дејствување на друштвото

На денот на отварањето на 20. Денови на Св. Кирил и Методиј, меѓу другите гости присуствуваа и министерот за надворешни работи на Република Македонија, г-динот Никола Попоски,



Др. Илија Димитриевски и Игор Захариев

неговата екселенција Игор Попов, амбасадор на Република Македонија во Република Словенија, градоначалникот на Општина Крањ, г-динот Мохор Богатај и други значајни гости.

Пред гостите беше претставена електронската форма на монографијата, која настана по повод 20-те години од основањето на друштвото. Во монографијата се опфатени најзначајните настани кои се случувале во 20 – годишното постоење на друштвото.

На најголемиот дел поединци и фирми, кои дале свој придонес во основањето, одржувањето, зајакнувањето и промовирањето на друштвото, во знак на благодарност им беа поделени признанија во вид на златни, сребрени и бронзени значки и благодарници за поединци и плакети за донаторски организации. Сите значајни гости си зедоа краток час да ги поздрават присутните и да одржат говор.

Златни значки беа врачени на др. Илија Димитриевски, Атанас Продански, Глигор Калинов - постхумно (наградата беше врачена на неговата сопруга Ивица Калинова) и Миладин Младенов.

Сребрени значки беа врачени на Методија Јосифоски, Боро Цеков, Анче Николовски, Добре Арсовски, Стојче Стојанов, Даниел Атанасов, Дарко Атанасов, Сандра Газинковски, Венцо Зашев, Весна Кржовска, Пане Кржовски, Душан Симоновски, Соња Цекова Стојаноска, Благица Крстева, Ивица Боболински, Даниел Ефремов, Александер Клеменчич, Дарко Зорко, Јанез Јереб, Љубен Димкароски, доц.маг. Боге Димовски, Маруша Авгуштин, Данијел Димитров, Димчо Ангелов,


Поделување на признанија

Маја Коминкоски, Катарина Герасимова, Драгана Ефремова, Розика Соколова, Џевад Абаз, доц. др. Намита Субиото и Кристина Савиќ.

Бронзени значки беа врачени на Лидија Јаловец, Станко Атанасов, Гојко Велков, Љубе Димитров, Грозде Беќарски, Методи Златков, Ефтим Зашев, Крсто Тасев, Павлинка Стаменковска, Геро Стаменковски, Весна Младенова, Миле Атанасов, Зоран Продански, Билјана Цвјетиќанин, Билјана Миленкова, Зоран Митев, Исмет Алиевски, Јагода Боболинска, Димитри Илиевски, Оливер Илиевски, Гордана Николовска, Нина Хладник, Наташа Постолова, Бранко Георгиев, Милевка Атанасова, Јовица Антов, Ана Стаменковска, Ребека Николов, Бобан Поповски, Дејан Јангелов, Силвана Петрова, Иглика Димитрова, Станка Соколова, Невенка Младенова, Кристина Јосифоска, Дафинка Георгиева, Илинка Ефремова, Верка Кржовска, Зекирија Шаиноски и Раде Стоилов.

Благодарници беа врачени на Марина Јововиќ, Крсте Поп Стефанија, Љупчо Јанчов, Трајче Коцев, Гоче Манчев, Киро Тошик, Герасим Кржовски, Трајче Миленков, Атанас Беќарски, Царка Стојанова, Добринка Атанасова, Перо Ристовски, Бошко Беќарски, Иле Филипоски, Маја Антова, Сузана Ристовска, Зорица Ристовска, Душко Костадинов, Љупчо Боболински, Катица Атанасова, Каролина Николова, Милица Златков, Добринка Антов, Елизабета Николов, Лолита Герасимова, Билјана Герасимова, Јорданка Тасева, Лилјана Николова, Лила Проданска, Билјана Атанасова, Ацо Ѓоноски, Филипо Дамјанов, Пеце Коминкоски, Мирјам Абазова, Стојан Карафатски и Ањa Карафатска.

Плакета за донација и поддршка во спроведувањето на програмите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ им беше доделена на САВА д.д., МАКТРАНС д.о.о., АВТОШОЛА ЕКСПЕРТ д.о.о. АВТО АЛЕКС, Александер Арсовски с.п., НОВАТЕКС д.о.о., ВИНОЈУГ д.о.о., ЗЕБРА д.о.о., МАКЕДОНИЈА ТРЕЈД


Поделување на признанија


Дел од музичката секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“

д.о.о., КАРА д.о.о., Влатко Донев, Билјана Томов и ресторан ПРИ МАТЕВЖУ.

Потоа следеше забава со жива музика.

**Отварање на изложбата на академскиот сликар Сергеј Андреевски (26.5.2012)**

На вториот ден од одржувањето на јубилејните 20. Денови на Св. Кирил и Методиј беше отворена изложбата на академскиот сликар од Македонија, Сергеј Андреевски. Андреевски се претстави со слики од најновиот циклус со наслов *Цвеќулиња*. Со својот


Отварање на изложбата на сликарот Андреевски

својствен експресивен манир, Андреевски ги претвора цвеќињата во живи ликови, кај кои можат да се препознаат карактерни особини на луѓето. Сликарот беше воодушевен од просторноста на галеријата во МаКуЦ и од интересот за неговите дела и општо за сликарската уметност на многубројните посетите-


Настап на мешаниот хор Билјана од Љубљана


Кулинарската секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“

ли. Изложбата ја отворија претседателот на Сојузот на МКД во Словенија, г-динот Благоја Настески и претседателот на нашето друштво, г-динот Игор Захариев. Критика за делата на Андреевски напиша доц. маг. Боге Димовски.

Културниот дел на програмата со својот извонреден настап го збогати мешаниот хор *Билјана* од Љубљана, кои се претставија со песните *Гроздено*


Богата кулинарска вечер со македонска храна

*моме, Легнала Дана, So še rožce v hartelnu žalovale* и *Никнало цвеќе шарено*.

Потоа следеше богата кулинарска вечер со македонска храна.

**Турнир во мал фудбал (27.5.2012)**

Третиот ден од оваа повеќе дневна приредба беше посветен на фудбалот. На ракометното игралиште во ОУ „Луцијан Сељак“ во Стражишче се од-



Натпревар Оризари - Свети Сава

ржа турнирот во мал фудбал, на кој учество зедоа осум екипи, од културни друштва од Словенија.

Победник на турнирот беше екипата на СКПД Свети Сава од Крањ, која во финалето, по изведување на пенали ја победи екипата на КД Брдо, исто така од Крањ. Покрај пехарите за најуспешните три екипи, беа поделени и пехар за најдобар голман, кој му припадна на Оштир од Свети Сава и пе-



Натпревар Илинден - Брдо



Натпревар Св. Кирил и Методиј - Морача

хар за најдобар стрелец, кој отиде во рацете на Д. Лазов од МКД Илинден.

Следи конечниот пласман на екипите:

1. Свети Сава, Крањ
2. Брдо, Крањ
3. Морача, Крањ
4. Илинден, Јесенице

од 5. до 8. место

- Св. Кирил и Методиј, Крањ
- Охридски бисери, Нова Горица
- Оризари, Крањ
- Слога, Нова Горица



Финален натпревар Свети Сава - Брдо

**Турнир во брзопотезен шах (30.5.2012)**

Турнирот во брзопотезен шах се одржа во просториите на МаКуЦ. На 10 маси своите сили ги одмерија нешто повеќе од 20 шахисти. Се одиграа 9 кругови, со ограничување на времето на играње на 10 минути. Победник бе-


Шаховски турнир
foto Daniel ATANASOV

ше Душан Зорко, кој водеше во текот на целиот турнир. Нашиот ентузијаст и организатор на овој турнир, г-динот Станко Атанасов, годинава го зазеде 12-тото место.

**Филмска вечер со прикажување македонски филмови (31.5.2012)**

Составен дел и на 20. Денови на Св. Кирил и Методиј беше филмската вечер, на која се прикажуваа македонски филмови.

**Квиз натпревар - претстава - литература (1.6.2012)**

- Квиз натпревар помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик
- Куклена претстава *Človek ptica*
- Претставување на книгата за Бистрица Крањец Миркуловска

**По 16. пат во Крањ одржан квиз натпреварот за учениците од дополнителната настава по мајчин македонски јазик**

По повод традиционалната прослава на патронот празник на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ на 1.6.2012 година, во просториите на МаКуЦ во Крањ, по 16. пат се одржа традиционалниот квиз натпревар на тема: „Колку ја познаваме нашата таковина Република Македонија?“

На квиз натпреварот свое учество зедоа нашите ученици Македонци кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик и национална култура на Р. Македонија во Р. Словенија, во градовите: Љубљана, Нова Горица, Козина Хрпеље и Постојна. Нашите ученици се натпреваруваа во здобиените знаења од дополнителната настава по македонскиот јазик и култура, од историјата на македонскиот народ и географија на Република Македонија. И на овај квиз натпревар учениците покажаа одлични знаења. Првото место го освоија учениците од Нова Горица, втори беа учениците од


Консултации внатре екипата



*Квиз натпреварот се одржа во МаКуЦ*

Љубљана, трети беа нашинците од Постојна и четвртото место им припадна на учениците од Козина Хрпеље.

Сепак сите ученици беа пофалени и наградени од присутните во салата на МаКуЦ во Крањ. Пофалниците и дипломите за постигнатите знаења на учениците им ги поделија претседателот на Сојузот на МКД во Словенија, г-динот Благоја Настески и претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“ г-динот Игор Захариев.

По традиција и овај квиз натпревар беше организиран во соработка помеѓу македонското училиште за дополнителна настава, МКД „Св. Кирил и Методиј“, Сојузот на МКД во Словенија и амабасадата на Република Македонија во Република Словенија.

Голема благодарност до организаторите и покровителите на овој квиз натпревар, кои го помогнаа неговото одржување, а тоа се МКД „Св. Кирил и Методиј“, Сојузот на МКД во Република Словенија, амбасадата на Р. Македонија во Р. Словенија, Мактранс д.о.о. од Љуб-љана и ресторанот „При Матевжу“ од Крањ.

*Зекирија Шаиноски*

Програмата продолжи со кукленатa претстава *Човек птица* (Človek ptica), направена по мотивите на македонската народна приказна *Силјан штркот*. Приказната зборува за непослушниот и мрзелив Силјан, кој бил истеран од дома и го фаќа татковата клетва да се претвори во птица. На крајот Силјан се враќа дома претворен во човек, а неговите негативни карактеристики се значително искоренети.




*Извадок од Človek ptica*

Претставата ја изведоа студентите по македонистика на Филозофскиот факултет во Љубљана.

Во претставата, како актери или во логистика учествуваа: Маша Мисја, Тимотеј Трчек, Мирослав Мрковиќ, Марија Кесеровиќ, Мерима Сеферовиќ, Ирма Дермиќ, Уршка Индјиќ, Ларен Полич Здравич, Данко Остојиќ и Бруно. Ментор на групата е Намита Субиото.

Програмата заврши со Тјаша Поклар, која ја претстави својата книга за живо-



*Извадок од Človek ptica*


Тјаша Поклар

тот и работата на Бистрица Крањец Миркуловска. Книгата зборува за поетесата, преведувачката и универзитетната професорка Бистрица Миркуловска, која живее во Скопје. Г-ѓа Миркуловска, како што истакна Поклар е мост меѓу македонската и словеначката поезија, помеѓу двата јазика и помеѓу културите на двете држави, во поширока смисла. Рецитираше Тина Часар.

**Целовечерен концерт на македонски фолклорни групи од Словенија и Австрија (2.6.2012)**

Последната вечер од јубилејните 20. Денови на Св. Кирил и Методиј изобилуваше со фолклор. Македонски групи од Словенија и Австрија се претставија со квалитетни настапи. Учествуваа фолклорните групи на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ (деца и возрасни), МКД „Илинден“ од Јесенице (јуниори и сениори), МКД „Охридски бисери“ од Нова Горица и пејачката група на МКД


МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ (детска група)
foto Daniel ATANASOV

„Билјана“ од Марибор, како и гостите од Австрија, МКД „Македонка“ од Виена, кои за прв пат беа наши гости.


Македонка, Виена
foto Daniel ATANASOV


МКД Св. Кирил и Методиј, Крањ
foto Daniel ATANASOV


Членови на музичките групи на МКД Илинден и МКД Св. Кирил и Методиј
foto Daniel ATANASOV

20. Денови на Св. Кирил и Методиј, кои траеја повеќе од една седмица беа медиумски покриени. Програмата за приредбата се појави во повеќе медиуми, Горењска телевизија сними емисија во која беше претставено нашето друштво, прилози за деновите на македонската култура излегоа во Горењски глас, интерниот весник на Сава д.д. и други медиуми.

# На свечен начин во Нова Горица поделен успехот на учениците од дополнителната настава по мајчин македонски јазик

На 16. јуни 2012 година во просториите на средношколскиот дом во Нова Горица на учениците македонци, кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по мајчин македонски јазик им беше поделен успехот од учебната 2011/2012 година.


Поделување на ученичките книшки во Нова Горица

И оваа учебна година по 16. пат се собраа сите ученици, кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по мајчин македонски јазик во Р. Словенија во градовите: Љубљана, Нова Горица, Козина-Хрпеље и Постојна во Нова Горица. Во преполната сала во средношколскиот дом во Нова Горица учениците пред своите родители, пред членовите на МКД во Република Словенија и пред претставници од Амбасадата на Р. Македонија во Р. Словенија се претставија со културна програма на македонски јазик. Настапија со рецитали, песни и скечеви. За да биде уште побогата програмата ни помогнаа фолклористите од МКД „Свети Кирил и Методиј“ од Крањ, МКД „Илинден“ од Јесенице и домаќините од МКД „Охридски Бисери“ од Нова Горица, кои ни се претставија со ора и песни од нашето македонско поднебје, така да овие млади разиграни срца со својот глас и ритам програмата ја направија уште побогата и повесела. Заедно со учениците и фолкорните секции покажавме во Р. Словенија како треба да се чува, негува, афирмира и анимира македонскиот јазик, култура и фолклор. Само со вакви богати културни средби и програми ќе го сочуваме нашиот идентите и бит, нашите обичаи и традиции.

По завршувањето на културната програма присутните гости, родители и ученици беа поздравени од претседателот на МКД „Охридски Бисери“ господинот Марко Матоски. За постигнатиот успех на нашите ученици голема благодарност и честитки им искажаа: господинот Благоја Настески, претседател на СОЈУЗОТ на МКД во Р. Словенија, вториот секретар на Амбасадата на Р. Македонија во Словенија господинот Умит Касум, како и „Атешето“ во нашата амбасада господинот Љупчо Јаневски. Исто така пофални зборови за нашите ученици слушнавме од госпоѓа Татјана Крапче директорка во ОУ „Милојке Штукељ“ во Нова Горица, каде се изведуваше дополнителната настава. Потоа на учениците им беше доделен постигнатиот успех за учебната 2011/2012 година од страна на претседателот на СОЈУЗОТ, од вториот секретар во нашата амбасада во Љубљана и претседателот на МКД

„Охридски Бисери“ од Нова Горица. Сите ученици добија свидетелства за завршено одделение од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, потврди од словенечкото Министерство за образоавние, наука и култура, дека ја посетувале дополнителната настава по мајчин македонски јазик, пофалници од Македонската амбасада и МКД „Охридски Бисери“.

На завршниот дел од програмата им се заблагодаривме на сите присутни гости за нивното присуство и за големото гостопримство и ангажирање на нашинците од Нова Горица. Се разделивме со довидување во септември во поголем број на наши ученици и повторно да се видиме во Нова Горица на крајот од следната учебна година 2012/2013.

*Зекирија Шаиноски*

## 9. редовно изборно собрание на Сојузот на МКД во Р. Словенија



*9. редовно изборно собрание на Сојузот на МКД*

Во сабота на 26.5.2012 година, во просториите на Македонскиот културен центар во Крањ, се одржа 9. редовно изборно собрание на Сојузот на МКД во Република Словенија. Како делегати од нашето друштво на собранието учествуваа: Игор Захариев, др. Илија Димитриевски, Миладин Младенов, Методи Златков и Билјана Томов. За претседател на Сојузот на МКД во Република Словенија беше реизбран г-динот Благоја Настески, за потпретседател Бобан Пијанманов и за секретар др. Илија Димитриевски.



*9. редовно изборно собрание на Сојузот на МКД*

# Зошто треба да одиме в Црква секоја недела?

Треба да се наспиеме, да бидеме со семејството, да ги завршиме домашните обврски, а вие велите дека треба да станеме рано и да појдеме в Црква. Зошто?

Секако, за да се оправда сопствената мрзеливост, може да се пронајдат секакви аргументи [против одењето в Црква секоја недела]. Меѓутоа, на почетокот треба да го сфатиме смислот на одењето в Црква секоја недела, за потоа со него да го споредиме нашето себеоправдување. Затоа што оваа потреба [за одење в Црква] не ја измислиле луѓето, туку се наоѓа во една од Десетте заповеди: „Помни го денот за одмор, за да го празнуваш. Шест дена работи, и сврши ги во нив сите работи свои; а седмиот ден е ден на одмор на твојот Господ Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни волот твој, ни ослето твое, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе. Оти за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сѐ што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети“ (2 Мојс. 20,8-11). За прекршување на оваа заповед во Стариот Завет се наложувала смртна казна, исто како и за убиство. Во Новиот Завет, неделата станала голем свет ден затоа што Христос, станувајќи од мртвите, го осветил тој ден. Според црковните правила, човекот којшто ја нарушува оваа заповед бива одлачен од Црквата. Согласно со 80-то правило од Шестиот вселенски собор: „Епископ, или свештеник, или ѓакон, или било кој друг, којшто припаѓа на клирот, но исто и лаик, кој нема никаква неодложна работа или нужда поради која мора да биде оддалечен од својата Црква, туку пребива во градот, а три седмици не сака да дојде в Црква во трите неделни денови, – ако е клирик, да се расчини, а ако е лаик, да биде изопштен“.

Тешко дека Творецот би започнал да ни дарува безумни заповеди. Дури ни црковните заповеди не се напишани со цел да ги измачуваат луѓето. Тогаш, во што се состои смислот на оваа заповед?

Севкупното христијанство се раѓа од Самооткривањето на Бог Троица, обавен преку Господ Исус Христос. Влегувањето во Неговиот внатрешен живот, учествувањето во Божјата слава – тоа е самата цел на нашиот живот. Меѓутоа, затоа што „Бог е љубов, и кој во љубовта пребива, пребива во Бога и Бог во него“ (1 Јн. 4,16), тогаш и навлегувањето во заедничарењето со Него возможен е единствено низ љубовта.

Според зборовите Господови, сиот закон Божји се темели на две заповеди: „А Исус му одговори: “Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум; тоа е прва и најголема заповед; а втората е слична на неа: Возљуби го својот ближен како себеси! На тие две заповеди се крепат целиот Закон и

Пророците.” (Мт. 22,37-40). Но, зарем е можно да се исполнат овие заповеди без одењето в Црква? Кога сакаме некој човек, зар не тежнееме често да се среќаваме со него? Зар можете да замислите дека луѓето кои меѓусебно се љубат би ја избегнувале заедничката средба? Секако, можеш да разговараш и по телефон, но многу подобро е да се говори лично. Така и човекот кој Бога Го љуби тежнее кон средбата со Него. Како пример да гоземеме светиот цар Давид. Како владетел, водејќи безброј војни со непријателите, делејќи правда, тој говорел: „Колку се мили Твоите живеалишта, Господи на силите! Копнее душата моја сакајќи да е во Господовите дворови; срцето мое и телото мое со радост се стремат кон живиот Бог. И птичката си наоѓа живеалиште, и ластовичката гнездо, каде што ќе ги положи пилињата свои, а јас при олтарите Твои, Господи на силите, Цару мој и Боже мој! Блажени се оние, кои живеат во домот Твој тие постојано Те фалат. Блажен е оној човек, кој заштита бара кај Тебе и во чие срце се патиштата Твои. Преминувајќи ја долината на плачот, тие наоѓаат извори во неа, и дожд ја покрива со благослови; минуваат од сила во сила, се јавуваат пред Бога, на Сион. Господи, Боже на силите, услиши ја молитвата моја, послушај, Боже Јаковов! Боже, заштитнику наш, погледај и види го лицето на твојот помазаник! Зашто еден ден во Твоите дворови е подобар отколку – илјада дни надвор. Повеќе сакам да бидат на прагот пред Божјиот дом, отколку да живеам во населбите на грешниците“ (Пс. 83, 1-10).

Ете, токму таквиот однос ја раѓа потребата за посетување на домот Божји, и ја чини да биде внатрешна неопходност.

И тука нема ништо чудно! Оти, очите Господови се постојано свртени кон Црквата Божја, во која и Самиот Тој пребива со Своето Тело и Крв. Во неа Тој не’ раѓа во Крштението, така што Црквата е наша мала небесна татковина. Во неа Бог ни ги простува гревовите во Светата тајна Исповед. Во неа Тој Себеси ни се дава во најсветата Причест. Зар на некое друго место може да се најде изворот на животот нетрулежен? По зборовите на еден древен подвижник, луѓето коишто во текот на седмицата се борат со ѓаволот, тежнеат во сабота и недела во Црквата да прибегнат кон изворот на водата жива – Причеста – за да ја заситат жедта на нивното срце и да се очистат себеси од нечистотиите на извалканата совест. Според древните зборови, елените ги напаѓаат змиите и со заби ги кинат, но отровот започнува да ги гори нивните утроби, и тие прибегнуваат при изворите. Исто така и ние треба да тежнееме кон Црквата, за низ заедничката молитва да ја изладиме надразнетоста на нашите срца. Според зборовите на свештеномаченикот Игнатиј Богоносец: „Трудете се почесто да се собирате за да принесувате Евхаристија [благодарење] и славословење на Бога. Оти, доколку често се собирате заедно, се обессилува сатаната и преку едномислието на вашата вера се уништуваат неговите погубни дела. Нема ништо подобро од мирот, оти преку него се уништува секоја борба на небес-



*Црквата Св. Климент Охридски (Св. Флоријан) се наоѓа на Горни трг во Љубљана, под Љубљанската тврдина.*

ните и земните духови“ (свештеномаченик Игнатиј Богоносец, Посланица до Ефесјаните, 13 глава).

Браќа и сестри во Христа иако одделени од нашата татковина и нашата матична Црква во Република Македонија, и овде во нашата друга домовина Словенија, од 1994 година е востановена оранизација во името на Македонската Православна Црква, која функционира со управен одбор и црковни одбори во сите поголеми градови во Словенија. Еве по Божја милост и макотрпна работа на претседателството на организацијата „Свети Климент Охридски“ - Словенија, од декември 2011 година добивме на користење, односно во наем, една прекрасна црква во најубавиот дел на Љубљана, под стариот град. Се вложуваат големи напори да оваа црква што побрзо биде доведена до изглед на наша православна црква, со поставување на иконостас и икони по ѕидовите во истата. Црквата која го носи името на католичкиот светител „Св. Флоријан“, а отсега натаму „Свети Климент Охридски“ е отворена секоја недела од 10 до 12 часот, и се служи утрена молитва, по благослов на Неговото преосвештенство, митрополитот Европски г. Пимен. Се надеваме дека во блиска иднина, како што е најавено овде кај нас ќе биде назначен и свештеник за стално, кој ќе ги извршува сите црковни обреди и ќе биде наш духовен пастир, сè со цел да го вратиме духот на православието, сочуваме преданието и верата на нашите татковци.

Почитувани и покрај тоа што сега ја имаме како наша црквата во Љубљана, морам да напомнам дека црквените објекти кои привремено ги користиме во Крањ, Марибор, Јесенице и другите градови во Словенија, сè уште ни стојат на располагање и ќе ги користиме за сите наши потреби и Богослужение на поголемите празници, а со доаѓањето на свештеник за стално барем еднаш месечно ќе се служи Света Лиургија во истите.

*Ваш во Христа брат и слуга*

*Митко Газинковски*

## Спортска секција: учество на турнир во мал фудбал во Н. Горица

Фудбалската екипа на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ учествуваше на турнирот во мал фудбал, кој се одржа во Нова Горица, на 12.5.2012 година. Организатор на турнирот, на кој учествуваа осум екипи, од кои две од странство (една од Италија и една од Хрватска) беше СКД Слога од Нова Горица. Екипата на нашето друштво, во силна конкуренција го освои конечното 3. место, со што ја потврди добрата форма, која во последно време континуирано се подобруваше.

Еве ги резултатите на нашата екипа:


Нова Горица: турнир во мал фудбал


Давид и Виктор Ѓеорѓиеви

1. победа против екипата на СЛОГА ФОЛКЛОРА, Н.Горица (6:1)
2. победа против екипата на КД БРДО, Крањ (3:1)
3. пораз против екипата на СЛОГА 2, Н.Горица (1:2)
4. пораз против екипата на ТРСТ, Трст (1:4)

за трето место: победа против екипата на ПУЛА, Пула (3:0)

Екипата на нашето друштво ја сочинуваа: Ивица Боболински, Давид Ѓеорѓиев, Виктор Ѓеорѓиев, Јовица Антов, Игор Милошевиќ, Дејан Јангелов и Ванчо Симонски.

## Фолклорна секција: Известување

Ве известуваме дека фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“ секоја недела одржува вежби во просториите на друштвото (Савска цеста 34, Крањ) и тоа по следниот распоред:

**16 - 17 часот:** детска група - почетници

**17 - 18 часот:** детска група

**18 - 20 часот:** група возрасни

За повеќе информации контактирајте го раководителот на фолклорната секција, г-динот **Методи Златков**, на телефон **040 572 785**.

М К Д „С В. К И Р И Л И М Е Т О Д И Ј“ К Р А Њ, С Л О В Е Н И Ј А

**Адреса:** Савска цеста бр.34, 4000, Крањ, Словенија

**Телефони:** +386 (0)40 166 882, +386 (0)40 572 785

**Интернет страни:** www.mkd-kim.si, www.mkc-kranj.si

**E-mail:** mkd.kranj@gmail.com

http://www.facebook.com/mkd.kim

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciral Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

**Спонзори:**

Tabakum Export-Import d.o.o., Novo mesto

Makedonija trade d.o.o., Ljubljana

Vinojug d.o.o., Šenčur

Zebra d.o.o., Kranj

Avtošola – Ekspert d.o.o., Kranj

Alkaloid d.o.o., Ljubljana

Maktrans d.o.o., Ljubljana

Novateks d.o.o., Ljubljana

Kara d.o.o., Tržič

Biljana in Zoran Tomov - Avstrija

Miladin Mladenov s.p., Preddvor

Okrepčevalnica PRI MATEVŽU, Kranj

Goldy s.p., Kranj

SA-MI s.p., Kranj

Foto Daniel Atanasov

**Донатори:**

Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

Mestna občina Kranj

Sava d.d., Kranj

Savatech d.o.o., Kranj

Амбасада на Република Македонија во Република Словенија